Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 11/0306
29.01 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 декември 2023 година, врз основа на примена жалба од „ВМРО ДПМНЕ“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Комисијата за жалби со мнозинство гласови се согласи дека Фронтлајн.мк во објавата со наслов „*ПОВЕЌЕ ОД СКАНДАЛ! Додека Мицкоски најавува преговори со проруската Левица, неговата портпаролка го дотепа – било нормално да не сакаат влез во ЕУ*“, ги прекрши членовите 1, 13 и 14 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје
www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 26.11.2023 година, политичката партија ВМРО ДПМНЕ поднесе жалба за текстот со наслов **„ПОВЕЌЕ ОД СКАНДАЛ! Додека Мицкоски најавува преговори со проруската Левица, неговата портпаролка го дотепа – било нормално да не сакаат влез во ЕУ“,** објавен од порталот Фронтлајн.мк на 24.11.2023 година.

Жалителот смета дека има прекршувања по основ на: неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Во образложението на жалбените наводи, стои дека тргнувајќи од насловот, но и во самиот текст – Фронтлајн.мк неточно и извадено од контекст, ја пренесува изјавата на портпаролката на ВМРО ДПМНЕ, Марија Митева, за ТВ Канал 5, околу ставовите на лидерот на партијата за интеграцијата на Македонија во ЕУ. Цитатите поместени во Фронтлајн.мк, според жалителот, „презентираат искривена слика за кажаниот став. Според жалителот, во текстот на Фронтлајн.мк се игнорира ставот на Митева дека „ВМРО ДПМНЕ ја смета за стратешка цел Македонија да стане член на ЕУ“, што претставува искривување на фактите и погрешно пренесување на ставовите.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот Фронтлајн.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од Фронтлајн.мк  до СЕММ се вели: „Во целост ги отфрламе сите наводи на ВМРО-ДПМНЕ и сметаме дека нивната жалба е повеќе од апсурдна. Нивниот пристап кон содржината, односно коментарот што тие го проблематизираат е чиста импровизација, но и дрска манипулација со фактите. Не сакаме да се вклучиме во уште еден пропаганден трик на партискиот пи-ар, чија цел, со години, е да го исцрпува нашиот капацитет и да ја дискредитира нашата работа“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

На седницата на на 25 декември 2023 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорната содржина. Мнозинството членови на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2   1000 Скопје

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595

Комисијата сметаат дека во објавата е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија каде се истакнува:

*Член 1: Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

Имено во насловот се вели „Мицкоски најавува преговори со проруската Левица“, но во текстот не се кажува каде и во кој контекст лидерот на ВМРО ДПМНЕ го кажал тоа, што за читателите е збунувачки, односно може да сугерира прикривање на суштински податоци.

Портпаролката на ВМРО ДПМНЕ, Марија Митева, во текстот е цитирана делумно, без да се пренесе целата нејзина мисла, додека посебно се нагласува делот од изјавата во насловот : “било нормално да не сакаат влез во ЕУ” со што читателите се наведуваат на несоодветен заклучок. Иако во видеото (исечок од подолг разговор на Митева за Канал 5 ТВ) се пренесува подолг дел од нејзината изјава, читателите кои нема да го прегледаат видеото до крај можат да бидат наведени на несоодветен заклучок за визијата на партијата за европската интеграција на земјата.

Според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите:

*1.2. Онлајн медиумите нема да прикриваат или премолчуваат важни информации чие објавување би можело да влијае врз толкувањето или разбирањето на содржината на извештајот од страна на читателите. Премолчувањето на фактите кои можат битно да влијаат врз формирањето на ставот за некој настан или личност е еднакво на намерно искривување на реалноста и создавање дезинформации.*

Мнозинстовото членови на Комисијата за жалби сметаат дека во текстот на Фронтлајн.мк е прекршен и членот 13 од Кодексот на новинарите на Македонија во кој се истакнува:

*Член 13: Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.*

Имено, во насловот и во текстот на Фронтлајн.мк не се јасно одвоени деловите кои се факти и деловите кои се став на Фронтлајн. Без аргументирање на придавката „просуска“ за партијата Левица, оваа квалификација се смета за став на Фронтлајн, без јасно

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

објаснување за читателите на поширокиот контекст. Отсуствуваат детали и за тврдењето дека Мицкоски најавува преговори со Левица, со што им се ускратува правото на читателте да бидат сеопфатно и правилно информирани.

Според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите:

> *13.2.Онлајн медиумите, при пренесувањето тврдења на политички субјекти или други извори ќе настојуваат секогаш кога е тоа можно да ги проверат тие тврдења, односно да не бидат само пренесувачи на “сервирани факти“ од некој друг. Со тоа, на публиката ќе ѝ овозможат да прави разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите, особено кога станува збор за важни и актуелни случувања и теми.*
>
> *13.3.Онлајн медиумите, при известувањето за секоја тема или прашање, ќе настојуваат да придонесат за подобро нејзино разбирање, преку внимателно разгледување на фактите и преку нивно соодветно поврзување, со цел да се претстави целосниот контекст и различните агли и гледишта на темата.*

Мнозинството членови на Комисијата за жалби при СЕММ сметаат дека во текстот на Фронтлајн.мк е прекршен и член 14 од Кодексот на новинарите на Македонија во кој се истакнува:

> *Член 14: Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.”*

Фронтлајн наместо коректно да ги пренесе изјавите не Претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Христијан Мицкоски и потпаролката на партијата, Марија Митева, а заклучокот дека се работи за „повеќе од скандал“ да им го остави на читателите, со бомбастичен наслов, со краток текст и кусо видео всушност манипулира со фактите и коментира.

Еден член од комисијата смета дека во текстот на Фронтлајн.мк нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет .

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595